***Број: 02 - 25356/2***
***23.12.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XLVIII -ма седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 23.12.2008 во 12.00 часот и на 26.12.2008 во 13.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси;*

- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*На седницата присуствуваше и Д-р Владимир Борозанов, претседател на Лекарската комора на Македонија.*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Откако утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Извештај за постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година;*
2. *Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина;*
3. *Разно.*

*Управниот одбор го прифати предлог дневниот ред, по што едногласно го усвои следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Извештај за постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година;*
2. *Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина;*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Извештај за постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година;*

*Директорот Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор дека кај Фондот постои подготвеност средствата што ќе преостанат од*

*нереализираните постапки за јавни набавки кај јавните здравствени установи според Програмата за инвестиции за 2008 година, да се насочат за потребите утврдени како приоритетни од Министерството за здравство.*

*Потоа, Ромела Поповиќ Трајкова се осврна на прегледот на реализирани средства за приоритетна медицинска опрема кој е поделен на членовите на Управниот одбор. Наведе дека, за јавните набавки опфатени во прегледот се предвидени 32 милиони денари. Од нив, реализирани се 10 милиони, што значи дека преостануваат 22 милиони нереализирани средства. Од друга страна, за приоритетните потреби посочени од Министерството се потребни 120 милиони денари. Затоа, бараме Министерството оваа листа на приоритети да ја преиспита и да посочи дали преостанатите средства да се поделат пропорционално или по редослед такашто за следниот приоритет да се доделат средства ако преостанат од претходниот.*

*Фисник Ибраими заклучи дека простанатите средства се доволни за плаќање на авансот од 10% за големиот тендер за набавка на опрема за здравството, а тоа е и прв приоритет. Значи, преостанатите средства треба да се употребат за таа намена.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека ќе има средства и за завршените градежни зафати во јавните здравствени установи но Министерството за здравство треба да направи листа на приоритети, за да може како што ќе се ослободуваат средства од нереализираните набавки, така да се насочуваат според листата.*

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина;*

*Директорот Тренкоски објасни дека се предлага зголемување на вредноста на капитациониот бод за лекарите во примарната здраствена заштита за дејностите општа медицина, медицина на трудот, педијатрија и училишна медицина. Ова оттаму што во овие дејности со години не е променета висината на бодот. Средства ќе се обезбедат од ставката која во годинава што изминува беше наменета за набавка на колпоскопи и EKG апарати за подобрување на условите за укажување на здравствените услуги на осигурените лица во примарната здравствена заштита.*

*Лазар Трајчев објасни дека врз основа на преговорите со Лекарската комора на Македонија, пред Управниот одбор се неколку варијанти за утврдување на вредноста на бодот. Имено, варијанта за зголемување само во дејноста општа медицина, медицина на трудот, педијатрија и училишна медицина, одделно за општа медицина, медицина на трудот, педијатрија и училишна медицина и одделно за гинекологија, како и заедничко утврдување на вредноста на бодот на исто ниво. Во врска со тоа, предложени се и три варијанти на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита. На Управниот одбор е да се определи за една од можностите.*

*Фисник Ибраими извести дека Министерството за здравство добило писмо од Владата кое сега го презентира и на Управниот одбор. Со ова писмо, во*

*надлежност на Министерството се проследува барањето за зголемување на вредноста на капитациониот бод од Лекарската комора. Поради тоа, и Министерството се обраќа до Управниот одбор на Фондот, известувајќи го дека формира работна група за да ја проучи иницијативата за зголемување на вредноста на капитациониот бод во примарната здравствена заштита. Истовремено, Министерството истакнува дека системот на здравствената заштита претставува висок финансиски ризик за Владата па заради тоа пред донесување на одлука потребно е да се изготват аналитички согледувања.*

*Лазар Трајчев укажа дека надлежен за донесување на оваа одлука е Управниот одбор на Фондот, а согласност дава министерот за здравство. Писмото на Владата до Министерството е за барањето на Лекарската комора кое било упатено до Владата. Владата со него бара и известување за состојбата. Во меѓувреме, Фондот и Лекарската комора се усогласија за ова прашање па затоа сега пред Управниот одбор е ставена оваа предллог одлука. Инаку, Фондот ќе ја извести Владата за состојбата со висината на поенот по оваа седница и дека е постигната согласност со Лекарската комора.*

*И директорот Тренкоски се согласи дека висината на бодот е исклучива надлежност на Фондот и дека треба за висината на бодот да се извести и Владата која побарала известување од Министерството за здравство.*

*Директорот Јелникар кажа дека после многу напори и преговори, со Лекарската комора е дојдено до согласност од 2009 година да се плаќаат по 50 денари за бод.*

*Фисник Ибраими укажа дека зголемувањето на вредноста на бодот може да предизвика реакции кај стоматолозите, и праша дали можеби не е избрзано утврдувањето на нова вредност за него.*

*Директорот Јелникар одговори дека за избрзано може да се смета писмото на Лекарската комора со кое од Владата се бара зголемување на 61 денар а не и предлогот на Фондот кој е заснован на подготвена финансиска конструкција. Во однос на стоматологијата, кај неа е проблемот во дилемата во која насока ќе се оди, односно дали таа постепено нема да излезе од пакетот услуги на товар на Фондот.*

*Љубиша Каранфиловски рече дека очекува пред Управниот одбор да се изложи генералната насока во која ќе се движат здравствените услуги на товар на Фондот. Сметавме дека буџетот за 2009 година е испланиран, а сега имаме предлог за зголемување на вредноста на поенот во определени дејности. Управниот одбор сака да види усогласени ставови на Министерството за здравство, Фондот и лекарските асоцијации. Кога се наметна намалување на буџетот на Фондот поради предлог мерките на Владата за справување со светската економска криза од 20 на 17 милијарди денари, сметавме дека немаме доволно средства, па предлогот за зголемување на поенот не изненадува.*

*Директорот Тренкоски објасни дека менаџментот на Фондот стои цврсто зад предлогот и дека тоа подразбира и обезбедена финансиска конструкција. Во изминатите години имаше зголемување во сите сегменти на здравството, стоматолози, аптеки. Единствено кај општите лекари нема никакво*

*зголемување и тоа сакаме да го исправиме. Финансискиот аспект, т.е како ќе се обезбедат средства веќе објаснив, од средствата кои во оваа година беа наменети за колпоскопи и ЕКG апарати.*

*Ромела Поповиќ Трајкова истакна дека дискусијата за ова прашање има два сегменти. Прво, прашањето за ингеренциите помеѓу Фондот и Министерството за здравство. Второ, стратешкиот аспект. Фондот сака да ги насочи средствата во примарното здравство и тука нема место за реакции од друга страна. Според Стратегијата од Министерството за здравство која е во подготовка и според предложениот пакет на здравствени услуги на товар на ФЗОМ стоматологијата треба постепено да излезе од основниот пакет на услуги на товар на Фондот, и тоа со намалување на капитацијата односно уделот од ФЗОМ и со покачување на учеството од осигурениците.*

*Страшо Наумоски рече дека на денешната седница се стекна со убедување дека помеѓу Фондот и Министерството за здравство има некоординација. Дополнително, има реакции и од стоматолозите. Донесувањето на оваа одлука во овој момент може да ги продлабочи недоразбирањата помеѓу Фондот и Министерството, но и помеѓу Лекарската и Стоматолошката комора. Затоа сметам дека нејзиното донесување треба да се одложи до постигнувањето на согласност помеѓу сите овие субјекти.*

*По дискусијата на Страшо Наумоски, Фисник Ибраими предложи расправата по оваа точка да се одложи за неколку дена, за кога ќе се закаже продолжение на денешната седница. Во меѓувреме Фондот, Министерството, Лекарската и Стоматолошката комора да се усогласат на заедничка средба.*

*Лазар Трајчев потсети дека на минатата седница го запознал Управниот одбор со преговорите меѓу Фондот и Лекарската комора. Додаде дека и со Стоматолошката комора се водеа преговори во кои е постигната согласност, па поради тоа зачудуваат сегашните нивни реакции.*

*Потоа директорот Тренкоски и Фисник Ибраими го прашаа претседателот на Лекарската комора Владимир Борозанов дали може да се смета на учество на Комората во усогласувањето на ставовите во наредните денови.*

*Владимир Борозанов укажа дека не е добро двете комори да се судираат. Додаде и дека е потребно да се направат консултации во самата Лекарска комора.*

*Борис Јосифовски праша, дали во времето кога е постигнат договор со Стоматолошката комора за намалување на капитациониот бод од 45 на 35 денари, Стоматолошката комора знаела дека ќе има зголемување кај општите лекари.*

*Директорот Тренкоски рече дека била одржана прес конференција во Стоматолошката комора и тогаш тие биле запознаени. Инаку протестите од Стоматолошката комора може да се сметаат само како диверзија на Ллекарската комора, зашто не постои можност бодот за стоматолозите да биде зголемен.*

*По ова, со оглед на потребата да се извршат дополнителни консултации и усогласувања во врска со точката 2 и да се приберат допопнителни известувања за постапките за јавни набавки кои нема да се реализираат во врска со точката 1, Управниот одбор едногласно одлучи работата по дневниот ред на XLVIII-та седница да продолжи во петок 26.12.2008 во 13.00 часот. Во меѓувреме да се направи обид за усогласување на Фондот, Министерството, Лекарската и Стоматолошката на заедничка средба.*

*За терминот на продолжувањето на седницата да се известат отсутните членови на Управниот одбор.*

*Работата по дневниот ред на XLVIII-та седница продолжи во петок 26.12.2008 во 13.00 часот во присуство на*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател**;***
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Јасмина Смилевска, началник на одделението за здравствено осигурување (делумно присутна),*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, продолжението на седницата го отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа, ги запозна членовите на Управниот одбор дека од министерот за здравство до Управниот одбор е упатено известување за приоритетните инвестициони вложувања во јавните здравствени установи. Ова известување е во врска со точката 1 од дневниот ред, по која Управниот*

*одбор треба да донесе одлука за пренамена на средствата од нереализираните постапки за јавни набавки во јавните здравствени установи, па предложи Управниот одбор да го разгледа и врз основа на расправата од првото продолжение на седницата, да донесе одлука во согласност со приоритетите на кои укажува Министерството за здравство.*

*Во врска со точката 2 од дневниот ред, Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина, ги запозна членовите на Управниот одбор дека усогласувањето на Фондот, Министерството за здравство, Лекарската и Стоматолошката комора е во тек. Постигната е согласност ова прашање да се разгледува повторно на седница на Управниот одбор која би се одржала кон средината на месец јануари 2009 година.*

*Предложи дневниот ред да се дополни и со разгледување на барањата од неколку здравствени установи за рефундирање на средствата за купен колпоскоп за кои стручната служба на Фондот има изготвено информација, како и со разгледување на приговорите на договорна казна од други две здравствени установи.*

*Потоа праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред на продолжението на седницата.*

*Ромела Поповиќ Трајкова предложи дневниот ред да се дополни со разгледување на Предлог Измената на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година. Оваа измена е во врска со донесената Одлука за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија донесена на седницата одржана на 18.12.2008 година.*

*Горан Коевски укажа дека ова е продолжение на седницата започната на 23.12.2008, поради што не треба да се дополнува со други точки, особено не со такви кои не се од итен карактер. Тоа се однесува особено на приговорите на договорните казни. Доколку бидат ставени на дневен ред најави дека без дискусија ќе гласа против нивното прифаќање.*

*Потоа, седницата продолжи со работа по следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

1. *Извештај за постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година;*
2. *Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина;*
3. *Предлог Измена на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;*
4. *Барања од здравствени установи за рефундирање на средствата за купен колпоскоп;*

5. *Приговори на договорна казна од здравствените установи Илинденка од с. Илинден и Дентал од Гостивар*

***ТОЧКА 1 -*** *Извештај за постапките за јавни набавки во јавните здравствени установи одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи за 2008 година, кои нема да се реализираат до крајот на 2008 година - Продолжение;*

*Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор со известувањето упатено од министерот за здравство до Управниот одбор, за приоритетните инвестициони вложувања во јавните здравствени установи. Ова е во врска со заклучокот од 43-та седница како и дискусијата од првото продолжение на оваа седница. Тогаш Управниот одбор завзема став средствата од нереализираните постапки за јавни набавки во јавните здравствени установи, да се пренаменат за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи според приоритети на кои ќе укаже Министерството. Поради тоа, предложи Управниот одбор да го разгледа известувањето и да донесе одлука за пренамена на средствата во согласност со приоритетите на кои укажува Министерството за здравство.*

*Лазар Трајчев укажа дека Управниот одбор, заклучокот од 43-та седница се однесува и на барањето од Здравствениот дом Кратово за набавка на шпалт ламба и дека врз основа на тој заклучок, ним им е испратено известување дека ќе се одобрат средства доколку останат на крајот на годината.*

*Ромела Поповиќ Трајкова дополни, дека доколку се донесе одлука за пренамена на средствата, таа треба да се однесува само на здравствените установи кои веќе ја имаат комплетната документација, односно имаат договор за набавка на опрема и фактура за тоа. Документацијата треба да се обезбеди и достави најдоцна до понеделник 29 декември.*

*Според Фисник Ибраими, постапките што се во таа фаза се однесуваат на помали средства, па заради тоа може да останат неискористени средства.*

*Трајче Леов и Ромела Поповиќ Трајкова укажаа дека тоа е единствена законска постапка која мора да се спроведе за реализацијата на инвестициите во ЈЗУ и доколку не спровеле тоа е пропуст на самите здравствени установи кои не ги реализирале постапките навремено а не на Фондот кој направи се за максимално искористување на средствата. Ромела Поповиќ Трајкова дополни и дека веднаш денес, здравствените установи може да бидат известени дека до понеделник треба да ги доставаат комплетните документи и во тој случај ќе им бидат одобрени средства.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за пренамена на средствата од нереализираните постапки за јавни набавки во јавните здравствени установи, одобрени со Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која одобри пренамена на средствата од нереализираните постаки за јавни набавки во јавните здравствени установи според приоритетите на кои укажува Министерството за здравство и за набавка на шпалт ламба во Здравствениот дом Кратово согласно заклучокот од 43-та седница. За реализирање на средствата, здравствените установи треба до 29.12.2008 година да поднесат комплетна документација.*

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за утврдување на вредноста на поенот за дејноста општа медицина, медицина на труд, педијатрија и училишна медицина*

*Фисник Ибраими, ги запозна членовите на Управниот одбор дека усогласувањето на Фондот, Министерството за здравство, Лекарската и Стоматолошката комора е во тек. Постигната е согласност ова прашање да се разгледува повторно на седница на Управниот одбор која би се одржала кон средината на месец јануари 2009 година. До тогаш ќе се формира комисија која ќе работи на финансиската конструкција. На прашањето на Ромела Поповиќ Трајкова дали комисијата ќе работи само на финансиската конструкција или и на стратегијата, одоговори дека че работи и на финансиската конструкција и на стратегијата, како и на пакетот услуги.*

***ТОЧКА 3 -*** *Предлог Измена на Програмата за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека промената во инвестиционата програма се врши поради неискористување на предвидените средства за набавка и реконструкција на градежни објекти (во висина од 33.508.000 денари) кои се пренаменуваат за купување на информатичка опрема и е во врска и со измената и дополнувањето на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот донесена на минатата седница на Управниот одбор.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Измена на Програмата***
***за инвестиции за Фондот и подрачните служби***
***за 2008 година***

*со која нереализираните средства по основ на набавка и реконструкција на градежни објекти во вкупен износ од 33.508.000 денари ќе бидат искористени за купување на информатичка опрема и тоа: работни станици, сервери и друга компјутерска опрема.*

***ТОЧКА 4 -*** *Барања од здравствени установи за рефундирање на средствата за купен колпоскоп*

*Лазар Трајчев потсети дека во 2007 година заради подобрување на условите за укажување на здравствените услуги на осигурените лица кај избраните лекари - гинеколози беа одобрени средства за набавка на биокуларни колпоскопи со камера. Здравствените установи кои го набавија имаа можност да им бидат рефундирани средства во висина до 100.000 денари а рокот за набавка беше 31 март 2008 година. Денес пред Управниот одбор се барањата од четири здравствени установи (ПЗУ Д-р Стојко од Тетово, ПЗУ Д-р Анифе од Гостивар,*

*ПЗУ Гинека од Скопје и ПЗУ Д-р Весна од Тетово), кои со фирмите од кои ги набавиле апаратите склучиле договори за плаќање на рати. Тие апаратите ги набавиле во утврдениот рок но целосниот износ го платиле по неговиот истек и тогаш го доставиле до Фондот барањето за рефундација и комплетната документација. Во материјалите за седницата е дадено и образложение на стручните служби на Фондот за состојбата кај секоја од овие здравствени установи. За овие барања потребно е Управниот одбор да даде мислење дали може да се одобри рефундирање на средствата за нававката на апаратот.*

*Според Фисник Ибраими, ако набавката е извршена, не би требало да биде спорно рефундирањето, особено затоа што целта на одлуката беше да се подобри опременоста на примарните гинеколози заради овозможување на подобри услуги за осигурените лица.*

*Горан Коевски и Љубиша Каранфиловски прашаа дали е можно да се појават поголем број на други вакви барања, и дали ако и тие треба да се задоволат, со тоа нема да се излезе од предвидениот буџет за оваа намена.*

*Лазар Трајчев одговори дека досега немало пристигнати такви барања освен овие за кои сега станува збор, па не верува дека има и други здравствени установи кои допрва би поднеле барање за колпоскопи набавени во рокот предвиден во одлуката.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Да се изврши рефундирање на средствата за набавен колпоскоп на здравствените установи ПЗУ Д-р Стојко од Тетово, ПЗУ Д-р Анифе од Гостивар, ПЗУ Гинека од Скопје и ПЗУ Д-р Весна од Тетово.*

***ТОЧКА 5 -** Приговори на договорна казна од здравствените установи Илинденка од с. Илинден и Дентал од Гостивар*

*Фисник Ибраими побара за овие две барања стручната служба да изготви образложение за наредната седница па тогаш да се разгледуваат. Истакна и дека со раскинувањето на договорите со здравствените установи заради нивно прекршување, голем број осигурени лица се останати без матичен лекар.*

*Директорот Тренкоски се согласи дека тоа е така, но одговорноста за тоа е кај здравствените установи. Жално е што се случува флагрантно кршење на одредбите на договорот поради непознавање на неговите одредби, кога тој договор е единствениот правен документ на кој се заснова соработката со Фондот. Фондот за тоа не може да се смета одговорен.*

*Трајче Леов пак потсети дека, за разгледување на условите за изрекување на договорни казни е формирана комисија која треба да ги разгледува укажувањата за прекршување на договорите на Фондот со здравствените установи. Тоа е нејзина надлежност, а за разгледаните случаи треба повремено да го известува Управниот одбор. Поради тоа, смета дека овие барања не треба воопшто да се разгледуваат.*

*Јасмина Смилевска, претседател на комисијата за утврдување на условите за изрекување на договорни казни, во врска со тоа извести дека комисијата веќе се*

*изјаснила во врска со барањата на овие две здравствени установи, и нејзиниот став е негативен.*

*Горан Коевски уште пред почетокот на седницата укажа дека овие барања не треба да бидат ставени на дневниот ред поради тоа што не се од итна природа, а доколку бидат ставени на дневен ред, најави дека без дискусија ќе гласа против нивното прифаќање.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор одлучи барањата на овие две здравствени установи да се одложат за наредната седница.*

*По ова, Управниот одбор, во 14.15 часот заврши со работата на XLVIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Фисник Ибраими***